

БОРОЈЕВИЌ BOROJEVIC

# REPLAY

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ MUSEUM OF THE CITY OF SKOPJE

R E P L A Y


R E P L A Y

R E P L A Y

Некаде кон крајот на веќе далечната 1968 (поточно во новогодишниот број на весникот "Остен" за следната 1969) Владимир Боројевиќ ја објавува својата прва карикатура. Во тој момент младиот карикатурист како штотуку завршен ученик во Средното уметничко училиште во Скопје, веќе има определено искуство со фотографијата и филмот (членува во тогаш активните клубови "Камера 300" и " Академски Кино Клуб" во Скопје, реализирал и еден аматерски филм " Паралелни вертикали"), се дружи со карикатуристи и наминува кај нив во редакциските простории на "Остен".
Векторот на неговите натамошни активности и интереси има многу бледи контури. Тој ќе се најде во процес на образование што може да го упати кон сферата на занимавање со определени мануелни пластични остварувања или пак кон едукативната дејност. Нестабилноста во претпоставената состојба ја предизвикуваат (освен неговата препознатлива опуштеност за работната кариера) интересирањето за медиуми и жанрови кои се надвор од образовниот систем, потоа различни социјални и семејни состојби, а од крајот на '68 и занимавањето со карикатура.
Триесет години подоцна, Боројевиќ веројатно поттикнат од заокружените бројки, се загледа во карикатурите создадени во изминатиот период. Во оваа низа години карикатурата е само дел од неговите професионални активности, но токму неа тој ја избра како сопствен почеток. Како и во многу други случаи и кај него е присутен синдромот на постојана лична легитимација со припаѓањето кон овој жанр. А периодот на искуството со карикатура е полно со осцилации во интензитетот на занимавањето со неа, недоумици во средината за нејзините вредности, губење на оригинали... но исто така и со големи јазични пробиви и реално - остварување на некои од врвните креации во македонската карикатура.
Но загледувањето во сопствените остварувања од некои чудни околности, желби, состојби или фасцинации во оваа прилика не резултираше со смирен ретроспективен преглед на издвоени

By the end of the distant 1968 (more precisely in the New Year issue of the magazine "Osten" (Sting) prepared for the coming year 1969) Vladimir Borojevik published his first caricature. At that time the young caricaturist has just completed the High School of Arts in Skopje and has gained certain experience in the photography and film media (he was a member of the clubs "Camera 300" and "Akademski kino klub" in Skopje and had released an amateur film - "Parallel verticals"); he was in contact with caricaturists, visiting them in the editorial offices of "Osten".

The vector of his further activities and interests has rather vague contours. He was in a process of training that could have directed him to the sphere of engaging in particular manual plastic works or to the educational field. The instability of the supposed position was incited (besides his recognizable relaxed attitude towards his professional career) by his interest for the media and genres that were beyond the educational system, by certain social and family conditions and, since the end of '68, by his engagement in the domain of the caricature.

Thirty years later, probably urged by the round number, Borojevik looked at the caricatures made in the past period. In this row of years the caricature was only a part of his professional activities, but he decided to choose it for his professional start. As many others, he also suffers from the syndrome of permanent personal identification with this genre. Yet, the period of his engagement in the caricature is typical for the oscillations in the intensity of his focusing at it, for the public doubts considering its values and for losing the originals... however, also for the great language ventures and the actual fulfillment of some of the best achievements in the Macedonian caricature.

But, this looking at his own creations, due to some strange circumstances, wishes, conditions or fascinations, on this occasion did not result in a controlled retrospective view over the selected values generated from his previous working process. In his mind some caricatures (most often exactly the ones

вредности од минатиот тек на работа. Определен број на карикатури ( најчесто токму оние кои изгледаа најзаокружени и, објективно, многу индикативни за времето кога се создадени) во неговото сознание одбија да останат само вреден артефакт на времето. Причина за тоа веројатно не е само нивната постојана актуелност. Во тој случај ќе беше сосема задоволително тие да се акцентираат или репринтираат. Некој вирус во нивната структура најверојатно е се уште активен штом го тера нивниот автор повторно да ги преживее за да ги земе како подлога за нови дела кои сега, во нови пластични и комуникациски позиции, не се карикатури туку нивни симулакруми.

Изменети се во формат, а новиот изглед сосема го занемарува оригиналот. На себе се уште го носат потписот и датумот од седумдесетите, но како дела од крајот на векот тие се реализирани поради фасцинантноста од непредвидливите контексти со сегашноста. Најновите дела на Боројевиќ се остваруваат во форма на еден зачуден REPLAY - модел кој се обидува со зачудност да го поништи или барем да го презентира како референтен основниот ефект на Replay-от, на зачудноста. Конструкцијата е веројатно апсурдна, но апсурдот е многу активен чинител во иронијата.

Изложбата претставува целина од 14 дела (Inkjet печат на памучна хартија во различни, големи, формати) кои како подлога, поттик или информација за симулација ги имаат карикатурите што Боројевиќ (освен два исклучока) ги изработил и објавил во 1973 и 1974 година.

Карикатурите од овие две години како оригинали скоро и да не постојат. Дел од нив се уништени, на поголем број им е изгубена секоја трага, а од неколкуте достапни оригинали Боројевиќ не сакаше да превземе никаква информација. Во работната игра беа прифатени само репродукции - печатени карикатури или фотографии од оригиналите.

Во секој случај еден чуден, индикативен однос, кон сопствените дела кон кои, претпоставувам, на времето гаел фанатичен однос. Поради тоа е потребно да се раскаже...

that seemed completely finished and, in fact, quite typical for the time of their creation) refused to remain only a valuable artifact of the time. It is probably not only their permanent actuality that is the reason for this because in that case it would be quite satisfactory to just emphasize or reprint them. Some virus in their structure is probably still active since it pushes their author to live through them again and take them as basis for new works that now, established in new plastic and communication positions, do not act as caricatures but as their simulacrums.

Their size is changed, and their new look totally neglects the original. They still bear the signature and the date of the seventies, but as works from the end of the century they are released because of the fascination with the unpredictable contexts of the present. The latest works of Borojevik are completed in a form of an astonished replay model that is trying with astonishment to annul or at least to present as a reference the basic effect of the replay, of the astonishment. The construction is probably absurd, but the absurd is a very active agent of the irony.

The exhibition is a total of 14 works (ink jet print on paper with different, large sizes) that as a basis, impetus or information of simulation have the caricatures (except for two exclusions) that Borojevik made and published in 1973 and 1974.

The caricatures made during these two years actually do not exist as originals. Part of them is destroyed, most of them are lost without any trace and from the several accessible originals Borojevik did not want to get any information. The working game comprised only reproductions - printed caricatures or photographs of the originals.

However, this is a strange, indicative attitude towards his own works he once presented, I suppose, with a fanatic attitude. This is why it is necessary to tell

## THE STORY ABOUT THEM

In February 1973, "Osten" (no. 222) published at its front and back cover two caricatures by Borojevik that by the applied technique and material, but also by the plastic approach and the manner of

Во февруари 1973. на предната и задната страна на "Остен" (бр. 222) Боројевиќ објавува две карикатури кои како по техниката и материјалот, но исто така и по пластичниот пристап во изработката и начинот на формирањето на идајата се разликуваат од неговото предходно искуство во тој период. Споменатата 1973., како и годините блиски до неа, се наметнува како своевидна метафора за цел еден период во македонската карикатура во кој авторски се заокружија повеќегодишните ангажмани барем на две генерации карикатуристи. Весникот "Остен",преку кој тие вообичаено делуваат, поседува стандардна уредувачка политика, се обидува да пронајде форма соодветна на предизвиците на времето и веќе изградена читателска публика. Паралелно на ова, во негова организација и со помош на Музејот на современата уметност од Скопје, се одвива (се уште активната) Светска Галерија на карикатури, што тогаш се наоѓа во својот зенит. На неа излагаат или се лично присутни релевантни имиња од светот на карикатурата. Некои од нив во тоа време се во врвот на сопствените авторски кариери. Таа е реално во квалитативниот врв на манифестациите од овој вид во светот и што е уште поважно има активно влијание врз светогледот за можните јазички модели на карикатурата кај нас.

Овој квалитативен притисок мошне брзо ќе го намали својот интензитет (од различни причини), но како препознатлив знак за тоа време на јазички пробиви и креативни дострели, низ магливоста од годините се појавуваат магичните карикатури на Боројевиќ кои тој ги создаде во споменатите две години.

Во случајов станува збор за класичен пример на период во поединечно творештво кој има свои временски граници. Тие се протегаат од февруари 1973. до септември 1974. кога е одржана неговата самостојна изложба во рамките на Светската Галерија на карикатури во Музејот на современата уметност во

revealing the idea differ form his previous experiences in this genre and from the pattern accepted by the Macedonian caricaturists of that period. The mentioned year of 1973, and the years near it, are imposed as a specific metaphor of a period in the Macedonian caricature that has concluded the engagements of at least two generations of caricaturists. The magazine "Osten", where they usually published, was trying to find a form appropriate to the challenges of the time and to satisfy the already built reading public within its standard editing policy. At the same time, at "Osten"s initiative and with the help of the Museum of Contemporary Art in Skopje, the World Gallery of Caricatures (still active) was very successfully becoming the major event. Relevant names from the world of the caricature exhibited there, often honoring the Gallery with their presence, some of them at the peak of their caricaturistic careers. The Gallery has actually reached the zenith among the manifestations of this kind in the world, and, what is more, it had an active influence upon the views concerning the possible language models of the caricature here.

This demand for quality very soon lessened its intensity (for various reasons), but as a recognizable sign of the time of language innovations and creative highlights, through the mist of the years, the magic caricatures of Borojevik appeared, created in the course of the mentioned two years.

This was a classical example of a period of individual creations that has its time limits. They started in February 1975 and lasted until September 1974 when he had his solo exhibition within the World Gallery of Caricatures in the Museum of Contemporary Art in Skopje. The number of works, considering the context of the practice of that genre, is not large. In my opinion there are 16 caricatures. Since many of them were lost or lacked any trace of their possible whereabouts I found it necessary to distinguish them individually. Because they have no titles I will try to substitute them through descriptions.

1. bank notes sticking on a human face, and
2. hammers deforming a dinar coin (front and back cover of "Osten" no. 222, 11.02.1973);

Скопје. Бројот на создадените дела, во контекст на праксата на жанрот, не е голем. По мое согледување се работи за 16 карикатури. Од причини што голем број од нив се загубени или им е замаглена трагата за тоа каде точно се наоѓаат, чувствувам потреба од нивно единечно одбележување. Бидејќи тие немаат наслови ќе се обидам нив да ги супституирам со описи:
(1.) банкноти прилепени на лице и (2.) чекани кои деформираат динарска монета (предна и задна страна на "Остен", бр. 222, 11. 02. 1973); (3.) ловоров венец паднат врз очите на носителот (предна страна на "Остен", бр. 224, 25. 02. 1973); (4.) распукана фигура на маж под кој се појавуваат женски гради (задна страна на "Остен", бр. 225, 04. 03. 1973); (5.) маски кои ветерот ги оттргнува од лицето кое ги носи (задна страна "Остен", бр. 228, 25. 03. 1973); (6.) пукната биста на Карл Маркс под која се појавува неговиот "жив" лик (предна страна на "Остен", бр. 246, 29. 07. 1973); Ева која поради споените заби не може да го гризне јаболкото (предна страна на "Остен", бр. 274, 10. 02. 1974); (8.) жена од цветови кои ги разнесува ветерот (задна страна на "Остен", бр. 277, 03. 03. 1974); (9.) круна што се топи по главата на кралот, (10.) глава на човек чие теме завшува во форма на заврзана вреќа, (11.) "портрет" на девојка со коса во форма на прсти, (12.) Милонска Венера под чија површина се пробива града од жена, (13.) гола девојка со шапка пробиена од женска града (сите пет објавени во "Остен" бр. 303. 01. 09. 1974 како информација за неговата самостојна изложба во Музејот на современата уметност); (14.) пукнато тело на девојка под кое се гледаат нејзините остарени делови, (15.) фигура на човек чија сенка се оцртува на небото и (16.) рака која држи млитав меч ( изложени на самостојната изложба во 1974 и, освен карикатурата под бр. 15, репродуцирани во каталогот за неа). Освен една подоцнешна карикатура со голо тело на девојка чија кожа се претвора во фустан (од 1980.) главно тоа е се. Карикатурите се обележани според датумите на нивното прво објавување.

Серијата е завршена. Боројевиќ има внатрешно чувство дека не смее да ја банализира со повторување. Во почетокот ја менува техниката (повторно се враќа на цртеж

3. laurel wreath fallen over the eyes of the bearer (front cover of "Osten", no. 224, 25.02.1973);

4. cracked figure of a man with female breasts appearing from underneath (back cover of "Osten" no. 225, 04.03.1973);

5. masks blown from their bearer (back cover of "Osten" no. 228, 25.03.1973);

6. cracked bust of Karl Marx with his "living" image appearing from underneath (front cover of "Osten", no. 246, 29.07.1973);

7. Eve who can not bite the apple because of her melded teeth (front cover of "Osten" no. 274, 10.02.1974);

8. woman with flowers blown by the wind (back cover of "Osten" no. 277, 03.03.1974);

9. crown melting on the head of the king;

10. head of a man whose top ends in the shape of a tied sack;

11. "portrait" of a girl with her hair in the shape of fingers;

12. Venus from Milo, under whose surface emerges a breast of a woman;

13. naked girl with a hat broken through by a female breast (the previous five caricatures were published in "Osten" no. 303, 01.09.1974, informing on his solo exhibition at the Museum of Contemporary Art;

14. cracked body of a girl showing her aged parts;

15. figure of a man whose shade is shown on the sky;

16. hand carrying a limp sword (exhibited at the solo exhibition of 1974, and, except for the caricature no. 15. reproduced in the catalogue). Together with a caricature of a girl's naked body whose skin turns into a dress (1980) it would be more or less all. The caricatures are ordered according to the time of their first publishing.

The series is completed. Borojevik has an inner feeling that he must not make it banal by repeating it. At the beginning he changed the technique (returning to drawing with a pen), but later he slightly neglected the caricature, which, however,

со перце), а подоцна, се поретко и инцидентно се занимава со карикатура што инаку, не го спречува да освојува големи награди. Работи во повеќе различни области кои се вон фокусот на интересот за него во овој текст.

Во своето појавување карикатурите носат предзнак на дистинкција од начинот на градење на идејата и од стилизацијата на глетката која вообичаено се идентификува со одредницата карикатура. Нејзината стратегија е создавање на зачудност во контекстот на карикатурата, односно градење на глетка која е условно “реална“, но во која опстојуваат правилата на комиката.

“Реалноста“ на глетката значи салто во еден жанр кој пресвртот, трајното онеобичување на нештата, го поседува како своја основа. Ова го напоменувам од причина што со навлегувањето во сивите јазички зони на жанрот овие карикатури на Боројевиќ можат да потсетат или да се почувствуваат како блиски со некои дела и тенденции од магичниот реализам. Тоа може да предизвика несакани шумови на ниво на контекстот на делата. Тие цело време сакаат да бидат карикатури, присутни се на места што го остваруваат тој контекст и во него се реализираат.

Техниката применета во овој период на работа има тесно зададени правила како во изборот на материјалот така и во начинот на неговата примена. Во неа се забележливи две фази - во почетокот работи со моливи во боја комбинирани со темпера, а подоцна, после освојувањето на Гран При наградата на петата Светска Галерија на карикатури во септември 1973.*, концетрацијата е насочена кон минуциозната работа со моливите во боја врз тенка подлога од акварел. Тоа донекаде има одраз и во пластичниот слој на делата. Првите се работени побрзо и погрубо со тенденција на контрапунктирање на одделни шрафирани површини за подоцна, оваа насока, да се напушти во корист на благата заобленост на формите. Ова би бил само груб опис на еден работен метод.

Почнувајќи, во ноември ’73, да работи на делата за претстојната самостојна изложба Боројевиќ навлегува во фанатична, макотрпна и исцрпувачка работа во

did not stop him from getting important awards. He worked in several different fields that are not the focus of interest of this text.

With their appearance the caricatures bear a sign of a distinction from the way of formulating the idea and from the styling of the view that is usually identified as a caricature. Its strategy is to incite astonishment in the context of the caricature, i. e. to create a view that is supposedly "real", but governed by the rules of the comic.

The "reality" of the view means a somersault, a turn in a genre where the turn, the permanent reshaping of the things is taken as its basis. This is important because by approaching into all these language zones of the genre these caricatures of Borojevik might remind or feel close to some works and tendencies of the magic realism. It would produce unwanted sounds at the level of the context of the works. All the time they wish to be caricatures, they are present at places that provide such context and they realize themselves within it.

The technique applied in this period of work has strictly assigned rules concerning the choice of the materials and the way of its application. Two phases could be distinguished here: in the beginning he worked with colored pencils combined with tempera, and later, after winning the Grand Prix at the World Gallery of Caricatures in September 1973, his concentration was aimed towards the meticulous work with the colored pencil over a thin background of watercolor. It was partly reflected in the plastic layer of his works, as well. The first were made quickly and roughly with a tendency to counterpoint some hatched surfaces, but later he abandoned this direction in favor of the soft roundness of the forms. This is only a rough description of his working method.

Starting from November 1973, Borojevik was completing the works for the coming solo exhibition, plunging into the fantastic, exhausting and hard work of hatching the material he had in his hands. He set a strategy of backgrounds that permeate and by means of hue he designed the supposed image. He often worked with a magnifying glass and the duration of

* Во тој момент највисоко признание на македонски карикатурист на значајна меѓународна манифестација за карикатура обележана под бр. 1

исцртувањето (шрафирањето) на материјалот кој се наоѓа под неговите раце. Создава стратегија на подлоги што се преплетуваат и тонски ја моделираат замислената претстава. Често работи со лупа, а времетраењето на изработката на карикатурите непредвидено се оддолжува. Ова количество на труд и концентрација веројатно е форма на компензација за минатите времиња кога авторскиот индентитет се градел со младешка опуштеност.

Во концепцијата на карикатурите има влијание и еден елемент кој со минувањето на времето ги замаглува своите контури. Веќе на самиот почеток Боројевиќ ги работи цртежите со намера тие да бидат објавени на кориците на весникот. “Остен“ во тој период е во превирање во однос на графичкиот изглед кој ќе го направи компатибилен со времето. Карикатурите на Боројевиќ претставуваат една многу прифатлива можност, односно во нивниот концепт е идејата, намерата да бидат одвоени од другите материјали и да репрезентираат одредена претстава за весникот.

Новина, во практиката на карикатуристите кај нас, е појавата на крупниот план кој често е насочен кон основните елементи на дејствието. Во најголем број случаи тоа се глава и раце кои се подигнати во нејзина височина (ако тоа го бара идејата), или торзо односно детаљ од човечката фигура. Ако во глетката се појавуваат други елементи н.пр. чеканите (2.), фокусот е концентриран само на дејствените делови на случката. Се чувствува примена на една фотографска логика на “рез“, детал одбран од многуте присутни информации со доволна иконична моќ концентрирано да ја застапи целината. Ако на ова се придодаде и намерата карикатурите да упатуваат кон некоја условна “реалност“, веројатно се приближуваме до претпоставката дека во структуирањето на јазичниот модел на серијата на карикатури значително влијание имаат некои од тенденциите во фотографијата од доцните шеесетти и раните седумдесетти години, односно концептите на насловните страни од списанијата кои што неа ја имаат за свој главен интерес.

Во позиција на споменатиот распоред на функции и

making the caricatures was unexpectedly prolonged. This quantity of work and concentration was probably a form of compensation for the past times when his artistic identity was created with a youthful relaxation.

The concept of the caricatures is also influenced by an element that in time made its contours vague. At the very beginning Borojevik made drawings meant to be published on the covers of a magazine. At that time "Osten" was searching for a graphical identity that will make it compatible with the times. The caricatures of Borojevik were a pretty acceptable possibility since their concept was the idea, the intention to be separated from the other materials thus representing the specific image of the magazine.

The innovation in the caricaturists' practice here was the introduction of the close up that was frequently pointed at the basic element of the action. Most often it was a head or hands raised to the head's height (if the idea demands so), a torso or a detail of the human figure. If there are other elements in view, like hammers (2.), the focus is concentrated only to the active parts of the event. It happens that the application of a photographic logic of a "cut" grants the detail, chosen among the many informations, with an iconic power mighty enough for concentrated representation of the whole. If we add to this the intention of the caricatures to refer to some presupposed "reality" we shall probably approach the assumption that the structuring of the language model of the series of caricatures was substantially influenced by some of the tendencies in the photography of the late sixties and early seventies, i. e. the concepts of the cover pages of the magazines that has it as a topic.

In the position of the mentioned schedule of functions and intentions Borojevik applied the discourse of the comic. A form most often applied is the position of replacements (something in the role of something else) - cracking of a shell that announces the (different) interior contents or reducing the spiritual principle to a physical, like the sack - man (10.). This general model of the comic is most often labeled with

намери Боројевиќ го применува дискурсот на комиката. Форма која најчесто ја применува е позицијата на замени (нешто во улога на друго) - пукање на некоја обвивка која ја обзнанува (поинаквата) внатршна содржина или сведувањето на духовното начело на физичко, на пример во човекот вреќа (10.) и тн. Овој општ модел во комиката најчесто се именува со синтагмата "Тоа не е тоа". Примената на неговите функции е индентична и симетрична во сите сфери на смешното. Владимир Проп за него пишува (во "Problemi komike i smeha", Knjizevna Zajednica, Novi Sad, 1984, /стр. 132): " Овој принцип е одамна објаснет и наречен "qui pro quo", а пренесената смисла на овие зборови ќе биде - "еден во улога на друг". На ова, во старите комедии, се темели многу распространетиот мотив на преоблекување, истапување под образина, кога едно лице се прифаќа како друго". Во карикатурите на Боројевиќ, ќе видиме подоцна, прилепувањето на образината на лицето има сопствени побуди, но во овој момент треба да се повтори дека нејзината функција ја извршува камената обвивка. Нејзините пукнатини ја откриваат замената. Кога е се уште блиску споменувањето на образината пожелна е споредбата (по сличност) со маските (5.). Во неа замената се протега во бесконечност, во можно губење на индентитетот. "Тоа не е тоа" важи и за Ева (7.) која не може да дојде до сопствено остварување (и недостасуваат некои детали за да може да го вкуси јаболкото од дрвото на сознанието) како и за мечот кој (веќе) не е меч (16.) или круната (9.) која со топењето ги губи прерогативите. Повишениот степен на "реалност" служи само за тоа таа да се стави под прашање. Овде веројатно се заокружува контекстот на карикатурите од периодот 1973/1974 година.

Насоката на ваквото димензионирање на "реалноста" ги приближува карикатурите кон гротеска. Живиот Маркс кој се пробива низ сопствената биста, тело на жена под фигурата на маж, Ева со споени заби, прсти наместо коса, човекот вреќа, кожа од девојка што се обликува во фустан - доволно е само за миг да го занемариме комичното и тие да се прикажат како страшни, ужасни

the syntagm "this is not it". The application of its functions is identical and symmetrical in all the spheres of the funny. Vladimir Propp noted (in "Problemi komike i smjeha", Knizevna Zajednica, Novi Sad, 1948, p.132): "This principle is explained a long time ago and is called **QUI PRO QUO**, and the figurative meaning of these words would be "one in the role of the other". In the old comedies this was the basis for the widely spread motif of changing the clothes, performing under masks, when one person is taken as someone else." In the caricatures of Borojevik, as we shall see later, the sticking of the mask to the face has its own reasons, but now we must restate that its function is performed by the stone shell. Its cracks reveal the replacement. When we are still at the disguise we might consider the comparison (by semblance) with the masks (5.). There the replacement extends to eternity, into the possible loss of identity. "This is not it" also goes for Eve (7.) who can not reach her completion (she misses some details so that she could taste the apple on the Tree of Knowledge) and also for the sword that is not (any more) a sword (16.), or the crown (9.) that by melting loses the prerogatives. The raised level of "reality" serves only to question it. Somewhere here the context of the caricatures of the period 1973 - 1974 could be concluded.

The direction of this type in dimensioning the "reality" is moving the caricatures nearer to the grotesque. Representation of Marx protruding from his sculpted portrait, a female body underneath a masculine figure, Eve with melded teeth and with fingers instead of hair, the sack-man, a girl's skin shaped in dress - if just for a moment we neglect the comical aspect, these things are presenting themselves as frightening, horrible visions, akin to horror movies from the eighties and nineties, where the human body is "hosting" some terrible projections. The caricatures themselves are not in the realm of the horrible, but are separated from it by a very thin line - the comprehensive sign of humor.

The series is effective on the active level of "messages" as well. These messages are shaping the

визии блиски на хорор филмовите од осумдесеттите и деведесеттите години каде што човечкото тело е “домаќин“ на некои застрашувачки проекции. Ова е споредба по сличност. Карикатурите не се во димензијата на страшното, но од него ги дели само тенка линија - општиот предзнак на хуморот.

Серијата дејствува и на активното ниво на “пораки“. Тие вообличуваат дилеми од сферата на општата алиенација на урбанизираната индивидуа (банкноти на лице - 1. ;маски - 5. ;маж кој е жена - 4. ;човекот вреќа - 10.) или размислуваат за, тогаш, актуелните идеолошки дилеми (Маркс - 6.) односно создаваат тајнопис за немоќта на системот (круна - 9. и млитавиот меч - 16.).

Карикатурите од овој период имаат еден мотив - човековото тело. Врз него се проектираат и се реализираат сите идеи и трикови. Независно од нив, или наспроти нив, тие застапуваат определено чувство за телото. Кај Боројевиќ тоа е чаура. Идеите се градат под притисок на некоја визија за елементи кои се тесно припиени на кожата (банкноти, маски) или таа е преформулирана во некоја гипсена или мермерна обвивка напукната од пробивот на внатрешните содржини. На кожата се допираат ефектите од случките (растопената круна, прсти во функција на коса, млитавиот меч) или со неа се гради основната идеја па таа ја добива двозначноста на кожа-вреќа и кожа-фустан. Мој впечатокот е дека споменатата особеност најповеќе ги групира карикатурите во целина. Тие се издвојуваат и на ниво на техника, но причината серијата да се заврши, заокружи односно да не се дозволи таа рутински да се претопи во работен метод и препознатлив авторски знак се наоѓа, веројатно, во несвесното чувство дека одреден иконичен габарит ги разрешил сопствените тензии.

## REPLAY

Некаде кон крајот на веќе далечната ’68... Боројевиќ ја објавува својата прва карикатура... За да стигне до својата омилена серија карикатури потребни му се шест години. Многу храбро, после самостојната изложба во 1974., го завршува циклусот и со карикатура се занимава

dilemmas within the sphere concerning the general alienation of the urban individual (banknotes upon the face -1.; masks - 5.; a man that is a woman - 4.; the sack-man -10.) or they are reflecting one-time ideological dilemmas (Marx - 6.), or creating coded scripture about the impotence of the system (crown - 9. and the limp sword - 16.).

Caricatures dating from this period are based upon one motive - the human body. On it all ideas and tricks are being projected and performed. Those ideas, being unrelated or opposed to themselves, are relegating certain sensation of the body. With Borojevik, the body is a chrysalis. Ideas have been constructed under pressure from some vision of elements closely fitting the skin (banknotes, masks) or reformulated in a plaster or marble wrapping cracked by the penetration of the inner content. Effects from those events are touching the skin (melted crown, fingers representing the hair, limp sword) which is also used to render the basic idea, hence the ambiguity of skin-sack and skin-dress. My impression is that mostly due to this characteristic the caricatures are imposing themselves as a whole. They are special in technical terms as well, yet the reason for concluding and completing the series, that is, the very reason for preventing the routinely meltdown into a working method and recognizable auctorial emblem, is probably situated in unconscious hints that certain iconic scope has
discharged its own tensions.

## REPLAY

Somewhere by the end of the distant '68... Borojevik published his first caricature ... It took him six years to get to his favorite series of caricatures. After his solo exhibition in 1974, very bravely, he had terminated the cycle and his following interest in the caricature is but incidental and characterized by technically shifted, different narrative model. Frankness of approach and linguistic innovations from the previous period, due to many conscious or unconscious motives, were not allowed to melt in a

инцидентно, со променет технички и поинаков наративен модел. Искреноста во пристапот и јазичните иновации од минатиот период, од повеќе причини, свесни или несвесни не смееле да се претопат во рутински производ. Тие не смееле да се банализираат со повторување.

Конечно дојдовме до зборот кој стои на сите дела од оваа изложба. Значи дваесет и пет години после објавувањето имаме нова средба со нив. Она што беше прекинато за да не се повтори се враќа како зголемен REPLAY. Карикатурите не мутираа во блиски наративни искази веројатно за подоцна да можат да послужат како материјал кој ќе биде актуелен израз на времето. Во секој случај, повторувањето или неговото избегнување, е судбина на овие карикатури.

Работната претпоставка за оваа изложба Боројевиќ ја насочи кон извлекувањето на деталите, а потоа на нивната обработка. Иако овие нови, дигитално обработени, дела не се карикатури (карикатури беа оние создадени пред четвртина век) тие никогаш од видното поле не го губат делот каде се случува комичниот пресврт. Промената се наоѓа во контекстот. Нивната нова состојба е вид на иронија која не наоѓа потреба од нови остварувања. Доволни и се и старите во случај ако се тие се уште фасцинантни.

Овие експонати припаѓаат во преодните зони на графичката мисла, вид на public art кој не излегува од белата коцка. Сакаат да се актуелни и имаат елементи од тековни политички согледувања и коментари, но за тоа ги искористуваат делата создадени во поинакви времиња и односи. Нивно одредиште е фасцинантната потреба од “враќање кон изгубената моќ на претставата на ироничен начин“ при што, кај Боројевиќ, ова “враќање“ е дословно. Можеби затоа се наметнува и една друга споредба со идејата на Бидријар дека “илузијата веќе не е возможна затоа што веќе не е возможна стварноста“, Ова повторување не е метафора. Пред нас се дела кои со повторување треба да ја застапат реалноста.

Лазо Плавевски

routine product. These features must not become banal because of repetition.

At last, there is the word that will eventually appear on every work from this exhibition. Consequently, after twenty five years there is a new meeting with these works. What was once ceased in order not to be repeated, is now returning as enlarged REPLAY. The caricatures were prevented from mutating into a similar narrative statement probably in view of their later usage as a material which is to be presented as current expression of times. At any rate, the repetition or avoidance of repetition is a destiny of these caricatures.

Borojevik focused the hypothesis underlying this exhibition, at pulling out the details and afterwards to their elaboration. Although these new, digitally wrought works are not caricatures (as were those created quarter a century ago), they never leave out of sight the portion where the comical shift is taking part. The change is in the context. Their new condition is a sort of irony which does not need new creation. The old will suffice, especially if it is still fascinating.

These exhibits are making part of the transitive zone in thought particular to graphic art; it is sort of public art that is not stepping out of the white cube. They want to relate to the current times and are containing elements of actual political considerations and relations. Their goal is the fascinating need for "returning to the lost power of ironic image", and with Borojevik this "returning" is literal. Perhaps this is what imposes another comparison with the idea of Baudrillard that " ...the illusion is already impossible since the very reality is impossible". This repetition is not a metaphor. In front of us there are works which by repetition are to stand for the reality.

Lazo Plavevski

R E P L A Y

R E P L A Y

R E P L A Y


R E P L A Y


R E P


L
A
Y


R E P L A Y

R E P L A Y

R E P L A Y


R E P L A Y

R E P L A Y


R E P L A Y


R
E
P


L A Y

R E P L A Y


E P L A Y
БОРОЈЕВИЋ В. 73


R E P L A Y
БОРОЈЕВИЋ


E P L A Y
Боројевић В. 73


R E P L A Y

R E P L A Y

R E P L A Y


R E P L A Y


R E P L A Y


R E P L A Y

R E P L A Y


R E P L A Y


R E P L A Y

R E P L A Y


R E P L A Y

R E P L A Y



REPLAY VIII, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 230 см.
(реализирано според фотографија од оригиналот за прв пат објавен во "Остен", 1974, бр. 303)



REPLAY I, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 185 см.
(реализирано според објавената карикатура во "Остен", 1973, бр. 222)



REPLAY II, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 185 см.
(реализирано според објавената карикатура во "Остен", 1973, бр. 224)

# R E P L A Y



REPLAY IV, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 185 см.
(реализирано според објавената карикатура во каталогот, "CARTOONS AUS JUGOSLAWIEN", Wilhelm Busch Museum Hannover, 1975)



REPLAY XIII, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 185 см.
(реализирано според фотографија од оригиналот за прв пат објавен во "Satirikon", Белград, 1980)



REPLAY IX, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 230 см.
(реализирано според фотографија од оригиналот за прв пат објавен во "Остен", 1974, бр. 303)



REPLAY XIV, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 370 см.
(реализирано според репродукција од каталогот 13. HURRIYET ULUSLARASI KARIKATUR YARISMASI, Istanbul, 1996)

**Биографија**

Владимир Боројевиќ е роден во Скопје на 04. 12. 1947 година. Во 1971 дипломирал на Педагошката Академија во Скопје во класата на професорот Спасе Куновски. Карикатури објавува од 1968, во “Остен“, “Нова Македонија“, “Екран“, Вечер“, “Пардон“ (Франкфурт), “Јеж“ (Белград), “Сатирикон“ (Белград), “Нин“ (Белград) и тн.
Во периодот од 1972/75 работи како карикатурист и графички уредник во хумористично - сатиричниот весник “Остен“. Неговите натамошни професионални активности се упатени кон Студиото за цртан и анимиран филм (како сценограф, во периодот 1974/84) и дизајнот (како раководител на Студиото за дизајн и пропаганда во “Јака 80“, Радовиш од 1984 до 1995).
Член е на Здружението на карикатуристи на Македонија, Здружението на филмските работници на Македонија, ДЛУМ, ДЛУПУМ и на Американскиот биографски институт.

Адреса: бул. Народен фронт 11/24 Скопје. тел: ++ 389 91 122 433

**Награди**

1970 Скопје, Сребрена плакета на “Остен“, на 2. Светска галерија на карикатури
1971 Штип, Втора награда на 1. Колонијата на карикатури
1973 Скопје, Гран при на 5. Светската галерија на карикатури
1975 Истанбул, Награда на Здружението на турските новинари на Меѓународен конкурс на карикатури “Насредин Оџа“
1976 Истанбул, Прва награда на Меѓународниот конкурс на карикатури “Насредин Оџа“
1976 Истанбул, Втора награда за карикатура на Меѓународен конкурс на карикатури на списанието “Чаршаф“
1977 Истанбул, Гран при на Меѓународниот конкурс на карикатури, “Насредин Оџа“
1978 Истанбул, Втора награда на Меѓународниот конкурс на карикатури на Здружението на правниците на Турција
1982 Белград, Трета награда на Југословенскиот конкурс на карикатури “Пјер 82“
1983 Анкара, Специјална награда на Меѓународниот конкурс на карикатури “Simavi“
1984 Пула, Прва награда за Југословенски филмски плакат
1984 Лос Анѓелес, Трета награда за Европски филмски плакат
1984 Скопје, Награда на Стопанска комора на Македонија за графички и индустриски дизајн
1988 Скопје, Награда на Стопанска комора на Македонија за графички и индустриски дизајн
1989 Истанбул, Прва награда за карикатура на Меѓународниот конкурс на карикатури “Насредин Оџа“
1990 Истанбул, Гран При на Меѓународниот конкурс на карикатури “Насредин Оџа“
1991 Анкара, Специјална награда на Меѓународниот конкурс на карикатури “Simavi“
- Плакета на градот Измир
1992 Скопје, Трета награда за заштитен знак на Стопанската комора на Македонија
1993 Анкара, Специјална награда на Меѓународниот конкурс на карикатури “Simavi“
- Плакета на списанието “Густери“
1995 Скопје, Трета награда за заштитен знак на Туристичкиот сојуз на Македонија
1996 Анкара, Специјална награда на Меѓународниот конкурс на карикатури “Хуриет“
1997 Скопје, Прва награда за лого и знак за Македоски телекомуникации
1997 Битола, Трета награда за лого и знак на АК АД Пелагонија (со Маринко Боројевиќ)

**Biography**

Vladimir Borojevik was born on December 4th 1947 in Skopje. In 1971 he graduated from the Pedagogical Academy in Skopje in the class of Prof. Spase Kunoski. He has started publishing his caricatures since 1968 in "Osten", "Nova Makedonija", "Ekran", "Vecer", "Pardon" (Frankfurt), "Jez" (Belgrade), "Satirikon" (Belgrade), "NIN" (Belgrade). From 1972 to 1975 he worked as a caricaturist and graphic designer in the magazine for humor and satire "Osten". His further professional engagements were aimed towards the Studio for Cartoons and Animated Film (as a set designer), in the period 1974/84), and the Studio for Design and Publicity in "Jaka 80" (as a design manager) from 1984 to 1995.
He is a member of the Association of Caricaturists of Macedonia, the Association of Film Workers of Macedonia, the Association of Fine Art Artists of Macedonia, the Association of the Applied Arts Artists of Macedonia and the American Biographical Institute.

Address: Naroden Front 11/24 Skopje, phone: ++ 389 91 122433

**Самостојни изложби**

1972 Валево (СР Југославија), Народни музеј (заедно со Божо Грабнар, Љубљана)
1974 Скопје, Музеј на современата уметност
1978 Струга, Хотел „Дрим“ Млада Струга, (во рамките на Струшките вечери на поезијата, заедно со Б. Николовски и А. Миловиќ)
1983 Скопје, Центар за култура и информации
1988 Нови Сад (СР Југославија), Galerija kulturnog centra
1998 Скопје, Музеј на град Скопје, “Replay“

**Групни изложби**

1970 - Белград (СР Југославија), ПЈЕП, Galerija Graficki kolektiv
1971 - Скопје, 3. Светска галерија на карикатури, Музеј на современата уметност
- Штип, Прва колонија на карикатури, Дом на културата
1972 - Монтреал (Канада), 9. Меѓународен салон на карикатури, Pavillon International de L`Humour, Terre des Hommes
1973 - Скопје, 5. Светска галерија на карикатури, Музеј на современата уметност
1975 - Хановер (Германија), Карикатури од Југославија, Wilhelm Busch Museum Hannover
1976 - Истанбул (Турција), 3. Меѓународен конкурс за карикатура - Насредин Оџа, Karikatür Müzesi
1977 - Истанбул (Турција), 4. Меѓународен конкурс за карикатура - Насредин Оџа, Karikatür Müzesi
- Белград (СР Југославија), ПЈЕП, Galerija kulturnog centra
1979 - Скопје, 11. Светска галерија на карикатури, Музеј на град Скопје
- Белград (СР Југославија), ПЈЕП, Galerija Borbe
1980 - Скопје, 12. Светска галерија на карикатури, Музеј на град Скопје
1981 - Монтреал (Канада), 18. Меѓународен салон на карикатури, Pavillon International de L`Humour, Terre des Hommes
1982 - Толентино (Италија), Современа македонска карикатура, Palazzo Sangello
1983 - Скопје, Млада генерација 4, Музеј на современата уметност
- Монтреал (Канада), 20. Меѓународен салон на карикатура, Terre des Hommes
- Истанбул, Анкара, Измир (Турција), 1. Меѓународен натпревар за карикатура - Simavi, Atatürk Kültür Merkezi; Devlet Güzel Sanatlar Galerisi; Resim ve Haykel Müzesi
- Скопје, 15. Светска галерија на карикатури, Музеј на град Скопје
- Крагуевац (СР Југославија), Салон на антивоената карикатура, Umetnicka galerija Narodnog muzeja
- Белград (СР Југославија), ПЈЕП, Galerija Borbe
1984 - Скопје, Изложба на современа карикатура - група “КИКС“, Центар за култура и информации
1986 - Истанбул (Турција), Меѓународен конкурс за карикатури - Насредин Оџа
- Скопје, Еротизмот во современата македонска ликовна уметност, Центар за култура и информации
1989 - Белград (СР Југославија), ПЈЕП’89, Galerija Borbe
1990 - Истанбул (Турција), Меѓународен конкурс за карикатура - Насредин Оџа
1991 - Анкара (Турција), 9. Меѓународен натпревар за карикатура - Simavi
- Скопје, 23. Светска галерија на карикатури, Галерија Остен
1992 - Анкара (Турција), 10. Меѓународен натпревар за карикатура - Simavi
1993 - Анкара (Турција), 11. Меѓународен натпревар за карикатура - Simavi
1994 - Анкара (Турција), 12. Меѓународен натпревар за карикатура - Simavi
1996 - Анкара (Турција), 13. Меѓународен натпревар за карикатури - Hürriyet
1997 - Анкара (Турција), 14. Меѓународен натпревар за карикатури - Hürriyet

R E P L A Y

**Solo exhibitions**
1972 Valjevo (FR Yugoslavia), National Museum (together with Bozo Grabnar, Ljubljana)
1974 Skopje, Museum of Contemporary Art
1978 Struga, hotel "Drim" ("Mlada Struga", within the Struga Evenings of Poetry, together with B. Nikolovski and A. Milovic)
1983 Skopje, Center of Culture and Information
1988 Novi Sad (FR Yugoslavia), Gallery of the Center of Culture
1998 Skopje, Museum of the City of Skopje, "Replay"



REPLAY X, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 230 см.
(реализирано според фотографија од оригиналот за прв пат објавен во "Остен", 1974, бр. 303)



REPLAY XII, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 200 см.
(реализирано според репродукција од каталогот за самостојната изложба на В.Б. во МСУ, Скопје, 1974)



REPLAY III, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 185 см.
(реализирано според објавената карикатура во "Pardon", Франкфурт, 1974, бр. 12)



REPLAY VI, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 195 см.
(реализирано според фотографија од оригиналот за прв пат објавен во "Остен", 1974, бр. 274)

# R E P L A Y



REPLAY VII, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 180 см.
(реализирано според репродукција од каталогот за самостојната изложба на В.Б. во МСУ, Скопје, 1974)



REPLAY XI, 1998
инкџет печат на хартија, 170 x 230 см.
(реализирано според фотографија од оригиналот за прв пат објавен во "Остен", 1974, бр. 303)



REPLAY V, 1998
инкџет печат на хартија, 3 x (170 x 185 см.)
(реализирано според објавената карикатура во "Остен", 1973, бр. 246)

Inkjet печат: Вест компјутинг, Скопје
Thermal Inkjet print: West computing, Skopje
Делата се меморирани на CD

R E P L A Y

Издавач: Музеј на град Скопје
Одговорен уредник: Климе Коробар
Организација и текст: Лазо Плавевски
Дизајн: Владимир Боројевиќ
Превод на англиски: Маја Хаџимитрова Иванова
Лектор на македонски: Искра Гешовска
Графичка подготовка: Скенпоинт
Печат: Лауренс Костер
Јуни 1998
Изложбата и каталогот се реализирани
со помош на Министерството за култура
на Република Македонија

Спонзор: Скенпоинт, Скопје

R E P L A Y

Published by: Museum of the City of Skopje
Editor in chief: Klime Korobar
Organisation of the exhibition: Lazo Plavevski
Design: Vladimir Borojevic
Text: Lazo Plavevski
Translation: Maja Hadzimitrova Ivanova
Macedonian proof reading: Iskra Gesovska
Prepress: Skenpoint
Printed by: Lourens Coster
June 1998
The exhibition and the catalogue
supported by the: Ministry of Cultyre of the
Republic of Macedonia

Sponsorship: Skenpoint, Skopje




ISBN 9998-612-37-4

R E P L A Y

Thank You


3 0 Г О Д И Н И